РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08-9262/1
16-11-2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром“ бр. 21/14, 23/14, 04/19, 01/21) и Програмата за планирани активности од областа на образованието во Општина Аеродром за 2022 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ бр. 21/21, 3/22, 5/22, 6/22, 11/22 и 16/22), Градоначалникот на Општина Аеродром го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за условите и критериумите за доделување награди за најдобар наставник (за одделенска и предметна настава) и најдобар стручен соработник од општинските основни училишта од Општина Аеродром за учебната 2021/2022 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за доделување награди за најдобар наставник (за одделенска и предметна настава) и најдобар стручен соработник од општинските основни училишта од Општина Аеродром за учебната 2021/2022 година, формирање и надлежност на Комисијата за спроведување на постапката (во натамошниот текст Комисијата).

### Член 2

Доделување награди за најдобар наставник (за одделенска и предметна настава) и најдобар стручен соработник од општинските основни училишта од Општина Аеродром за учебната 2021/2022 година се врши согласно Програмата за планирани активности од областа на образованието во Општина Аеродром за 2022 година, објавена во службеното гласило на општината за тековната година и одредбите на овој Правилник.

### Член 3

Висината на средствата за доделување награди од членот 2 на овој Правилник се предвидува во Буџетот на општината во Програма Н1– Основно образование, потставка 464990- други трансфери (еднократна парична награда за најдобар наставник (за одделенска и предметна настава) и најдобар стручен соработник од општинските основни училишта) и Програмата за планирани активности од областа на образованието во Општина Аеродром за 2022 година, а кои се објавуваат во службеното гласило на општината.

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБАР НАСТАВНИК (ЗА ОДДЕЛЕНСКА И ЗА ПРЕДМЕТНА НАСТАВА) ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ

### Член 4

Кандидатите треба да ги исполнат следните услови и критериуми:

- да е вработен во воспитно-образовна установа за основно образование на територија на Општина Аеродром верифицирана со акт од Министерството за образование и наука (М1/М2 образец)
- да не е орган на раководење во воспитно-образовна установа во моментот на аплицирање (М1/М2 образец)

1. Планирање, реализирање и организирање на наставата (годишно тематско планирање, дневно планирање, уредно водење е-дневник, додатна и дополнителна настава) доказ-потврда од училиштето............................................................................ ................................................4 бода
2. Применување иновативни наставни методи, форми и техники (доказ-потврда од училиштето)............................................................................................................................ 1 бод
3. Соработка и работа со наставници, родители, со заедницата (доказ-фотографии, записници, белешки) ............................................................................................................................. 3 бода
4. Учествување во подобрување на училишната структура, организација на работата и училишната клима, креирање развојни политики во училиштето (доказ-решение за учество во тим/комисија и сл.) .................................................................................................................................... 1 бод
5. Учествување во училишни инклузивни тимови (доказ-решение за учество во тим/комисија и сл.)...................................................................................................................................... 1 бод
6. Учествување во работата на стручните активи (отворен час, презентација) доказ-потврда од училиштето............................................................................................................................. 1 бод
7. Промовирање на училиштето (медиуми, фестивали, настани) доказ-фотографии, потврди ............................................................................................................................................. 1 бод
8. Споделување добри наставни практики во стручни списанија (доказ-прилог од објава) ............................................................................................................................................. 1 бод
9. Награда на училиштен конкурс (доказ-дипломи, признанија, пофалници, благодарници).........1 бод
10. Награди на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници за учебната 2021/2022 година

- Награда на училиштен натпревар (доказ-дипломи, признанија, пофалници, благодарници) ............................................................................................................................................. 1 бод
- Награда на општински натпревар (доказ-дипломи)
    - Прво место општински натпревар ............................................................................. 3 бода
    - Второ место општински натпревар ............................................................................ 2 бода
    - Трето место општински натпревар ............................................................................ 1 бод
- Награда на регионален натпревар
    - Прво место регионален натпревар ............................................................................ 6 бода
    - Второ место регионален натпревар ........................................................................... 5 бода
    - Трето место регионален натпревар ...........................................................................4 бода
- Награда на државен натпревар
    - Прво место државен натпревар ..................................................................................9 бода
    - Второ место државен натпревар .................................................................................8 бода
    - Трето место државен натпревар ................................................................................ 7 бода
- Награда на меѓународен натпревар
    - Прво место меѓународен натпревар .........................................................................12 бода
    - Второ место меѓународен натпревар ........................................................................11 бода
    - Трето место меѓународен натпревар ........................................................................10 бода

Наградите на општински, регионален, државен и меѓународен натпревар се бодираат само еднаш и тоа највисоко постигнатиот резултат.

11. Учество во реализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно-образовниот процес, согласно наставните планови и програми за основно образование, во учебната 2021/2022 година, организирани од акредитирани и регистрирани установи, институции и здруженија (доказ-потврда од институцијата, носител на проектот)

- Координатор на меѓународен проект .................................................................................. 6 бода
- Координатор на државен проект ......................................................................................... 5 бода
- Координатор на општински проект ..................................................................................... 4 бода
- Координатор на училиштен проект ..................................................................................... 3 бода

- Член на тим меѓународен проект.........................................................................................4 бода
- Член на тим државен проект................................................................................................3 бода
- Член на тим општински проект............................................................................................2 бода
- Член на тим училиштен проект........................................................................................... 1 бод

- Учество на семинари и обуки.............................................................................................. 1 бод
- Дисеминација на семинари и обуки (потврда од училиштето).......................................... 1 бод

12. Автор на учебници издадени во учебната 2021/2022 година (доказ-изданија)..............................1 бод
13. Коавтор на учебници издадени во учебната 2021/2022 година (доказ-изданија)........................1 бод
14. Автор на стручна литература издадена во учебната 2021/2022 година (доказ-изданија).......... 1 бод

Еден кандидат може да конкурира само за еден наставен предмет.

III. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ

1. Да има аплицирано и добиено проект за училиште (доказ-потврда од институцијата, носител на проектот)..............................................................................................................................8 бода
2. Учество во реализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно-образовниот процес, согласно наставните планови и програми за основно образование, во учебната 2021/2022 година, организирани од акредитирани и регистрирани установи и институции (доказ-потврда од институцијата, носител на проектот).
   - Координатор на проект ................................................................................................ 2 бода
   - Учество и дисеминација на семинари и обуки ............................................................. 2 бода
   - Член на тим ................................................................................................................... 1 бод
3. Автор на учебници издадени во учебната 2021/2022 година (доказ-изданија)............................1 бод
4. Коавтор на учебници издадени во учебната 2021/2022 година (доказ-изданија)........................1 бод
5. Автор на стручна литература издадена во учебната 2021/2022 година (доказ-изданија)............1 бод
6. Промовирање на училиштето (медиуми, фестивали, настани) доказ-фотографии, потврди ... 2 бода
7. Споделување добри наставни практики во списанија (доказ-прилог од објава)......................... 1 бод
8. Учествување во акциски истражувања, студија на случај, споредбени анализи (доказ-копија од објавениот труд)......................................................................................................................2 бода
9. Реализирање работилници и други активности (доказ-потврда од организаторот).................. 2 бода
10. Промовирање иновативни приоди во наставата (иновативни техники и стратегии за поучување и др.) доказ-потврда од училиштето.................................................................................... 2 бода
11. Организирање и реализирање групни и индивидуални советувања со родители за деца кои имаат проблем со учењето, несоодветно однесување и др. (доказ-потврда од училиште) .............. 2 бода

При изборот на најдобар наставник (за одделенска и предметна настава) и најдобар стручен соработник, при ист број на бодови приоритет ќе има кандидатот со звање ментор.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА НАЈДОБАР НАСТАВНИК (ЗА ОДДЕЛЕНСКА И ЗА ПРЕДМЕТНА НАСТАВА) И НАЈДОБАР СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Член 5

1. Постапката за доделување награди за најдобри наставници и стручни соработници од општинските основни училишта од Општина Аеродром ја спроведува Комисија која со Решение ја именува градоначалникот на Општина Аеродром. Комисијата за избор се состои од 11 члена и тоа: 3 члена од редот на општинската администрација и по 1 член од Наставнички совет од секое од основните училишта на територијата на Општина Аеродром. Претседателот на Комисијата е од редот на општинската администрација. Членовите од Наставничките совети се од редот на наставници од одделенска настава, наставници од предметна настава и стручни соработници.
2. Комисијата објавува јавен оглас за избор на најдобар наставник (за одделенска и за предметна настава) и најдобар стручен соработник од општинските основни училишта на Општина Аеродром, кој се објавува на општинската веб-страница и на огласните табли на општинските основни училишта и трае 7 (седум) работни дена.
3. Комисијата работи согласно насоките дадени во овој Правилник и е задолжена да врши стручно-техничка обработка на податоците од апликациите.
4. Комисијата е должна во рок од 3 (три) дена од завршување на огласот да направи рангирање на сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите и за истото да подготви записник, кој заедно со предлог-решение го доставува до Градоначалникот, кој носи Решение за наградување на најдобар наставник (за одделенска и предметна настава) и стручен соработник од општинските основни училишта од Општина Аеродром.
5. Решението на градоначалникот е конечно.

Член 6

Комисијата работи на состаноци што ги свикува и со кои раководи претседателот на Комисијата, кој се грижи за правилно и законито работење на истата.
За текот на состаноците на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.
Доколку аплицира член од комисијата од редот на наставничките совети, истиот се заменува со друг член со соодветен профил од истото основно училиште.
Листата на наградените наставници и стручен соработник ќе биде објавена на општинската веб-страница и на огласните табли на општинските основни училишта. На останатите кандидати кои биле пријавени на повикот, Комисијата ќе им ја врати доставената документација.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесување.

Градоначалник на Општина Аеродром
доц. д-р Тимчо Муцунски

Република Северна Македонија - Општина Аеродром • Скопје •